ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 13-2019/1
13.03.2026 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

**од Седница бр. 8 на членовите на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар – Скопје, формирано со Одлука бр. 08-3761/14 од 8.7.2021 г.**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар - Скопје, формирано со Одлука бр. 08-3761/14 од 8.7.2021 г., а согласно со Деловникот за начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар – Скопје бр.09-945/33 од 11.2.2021 г., донесен согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20), е во состав:

- 2 члена претставници на Комисијата за урбанизам на Општина Центар – Скопје: Биљана Насковиќ (раководител на Одделение за урбанистичко планирање, која го координира телото) и Александра Марсениќ Крајчески (помошник раководител на Сектор за урбанизам);
- 1 член претставник на правниот субјект изработувач на деталниот урбанистички план (различно лице во зависност од деталниот урбанистички план кој е предмет на расправа);
- 1 член претставник на урбаната заедница кој се менува во зависност од опфатот/локалитетот што е предмет на планирањето: Магдалена Спировска, Зоран Дуридански или Небојша Стошиќ;
- 3 члена претставници на невладините организации, здруженија на граѓани и граѓански активисти: делегиран претставник од „Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина Еко Свест Скопје", Жанета Трајкоска и Милчо Манчевски;
- 2 члена кои се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање планирање и други стручни области релевантни за планирањето и одржливиот развој на градот: Даница Павловска и Кристина Хаџи-Василева.

На **6.3.2026 г.** од 12:30 до 14:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам при Општина Центар – Скопје Партиципативното тело ја одржа осмата седница со следниот

**Дневен ред:**

1. Дискусија за работна верзија од Детален урбанистички план Градска четврт **ЦС 04 Блок 2 – Пресвета Богородица**, Општина Центар – Скопје, изработена од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг „ПРОСТОР" ДОО Куманово, со тех.бр. 09/25 од октомври 2025 година;
2. Дискусија за Детален урбанистички план за Градска четврт **Ј 05 – Барутана**, Општина Центар - Скопје, плански период 2023-2028, **нацрт план**, изработен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ СКОПЈЕ со тех. бр. 0801-565/24 од јануари 2026 година;
3. Разно

**На седмата седница беа присутни членовите на Партиципативното тело (ПТ):**

- Биљана Насковиќ
- Даница Павловска

- Марко Гучески во својство на делегиран претставник од „Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина Еко Свест Скопје",

**Помеѓу седмата и осмата седница:**

- Биљана Насковиќ им достави материјали за точките на дискусија на членовите на Партиципативното тело.

## Записник:

### 1. ЦС 04 Блок 2 – Пресвета Богородица

- Се разгледуваше работна верзија од Детален урбанистички план Градска четврт **ЦС 04 Блок 2 – Пресвета Богородица**, Општина Центар – Скопје.
- Павловска побара да се корегира третманот кон археолошкото наоѓалиште „Св. Мина", кое е поништено со планскиот предлог.
- Коментираше дека треба да се зголемо парцелата на постојната црква ГП 2.17, од аспект на можност на спроведување на верските обреди.
- Објектот на ГП 2.07 кој се задржува во постојна состојба да биде евидентиран согласно евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности.
- Во текстуалните одредби да се наведе дека уредувањето на јавниот простор треба да содржи и „Партерно решение со уредување на зеленило од автохтони дрва".

### 2. Ј 05 – Барутана

- Се разгледуваше работна верзија од Детален урбанистички план за Градска четврт **Ј 05 – Барутана**, Општина Центар - Скопје.
- Павловска коментираше дека треба да се внимава на текстот на планот, бидејќи во текстот се наведува дека во потпокривен простор смее да се користи како корисен простор, иако не е означен во графичките прилози.
- Гучески коментираше дека не треба да се дава развој на градбата означена со број 1.20 бидејќи истата навлегува во заштитната зона на постојниот канал.
- Павловска коментираше дека треба да се преиспитаат формираните парцели и предвидените површини за градба (од аспект на несразмерност и нелогични ќошиња и непрописни растојанија до соседи) за градежните парцели ГП 1.26, 1.27, 1.28 и 1.32.
- Павловска побара образложение на пешачката патека помеѓу ГП 1.11 и 1.13.
- Павловска побара да се преиспитаат површините за градба, односно секаде каде што постојниот габарит е логичен, истиот да не се менува.
- При дефинирање на процентот на изграденост, да се води сметка дека станува збор за Градска четврт која е во контактната зона со Водно.
- Сите членови на Партиципативното тело изразија револтираност кон политиката на Агенцијата за управување со одземен имот заради повторната продажба на ГП 1.16, 1.17, 1.18 и 1.19 и покрај барањето наведените парцели да останат во сопственост на РСМ и да бидат пренаменети во зелен појас.
-

4. **Разно**

- Павловска побара Пртиципативното тело да биде иницијатор на поширока дебата во која би се вклучила стручната заедница, но и пошироката јавност, за градежната парцела 13.11 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ 2, УМ 3, УМ 4, УМ5, УМ 6, УМ 8, УМ 9, УМ 10, УМ 11, УМ 12, УМ 13, УМ 14, УМ 15, УМ 18, УМ 19, УМ 20, УМ 21, УМ 22, УМ 23, Општина Центар – Скопје, од аспект што изведба на таква градба (со толкав габарит) би значела за просторот.

**Присутни членови на Партиципативното тело:**

Биљана Насковиќ ____________

Даница Павловска ____________

Марко Гучески ____________